

РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ
ГОДИНА XXVI, БР 146 (4/2022) ЦЕНА 60 ДЕН.
СТОЖЕР
СУБАЛТЕРНОСТА ВО ДРАМИТЕ НА ВАСИЛ ИЉОСКИ И ГОРАН СТЕФАНОВСКИ
ВО ДПМ ОДРЖАНА ТРИБИНА ЗА КНИЖЕВНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ
ИНТЕРВЈУ СО ДИМИТАР ПАНДЕВ: НЕМА ШТО НЕМА ВО МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА
КОН ДЕВЕДЕСЕТГОДИШ-НИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА ВЛАДИМИР КОСТОВ
НАГРАДАТА „ДАНИЦА РУЧИГАЈ“ ЗА ВАЊА ИЗОВА ВЕЛЕВА

# СОДРЖИНА


03. Интересни времиња
Славчо Ковилоски

04. Во ДПМ одржана трибина за книжевните манифестации

05. Ставови: Учество на македонските писатели членови на ДПМ на книжевните манифестации кај нас
Христо Петрески, Имер Чаушевиќ, Бранко Пенов, Трајче Кацаров, Димче Шалевроски, Наум Кајк

09. Интервју: Нема што нема во македонската литература
Димитар Пандев

14. Награда „Даница Ручигај"
Вања Илиева Ѓорѓиева

16. Роч на Струшките вечери на поезијата
Гордана Михаилова-Бошнакоска

18. Поезија
Тихомир Јанчовски

19. Поезија
Слађа Светковиќ

21. Студија: Субалтерноста во драмите на Васил Иљоски и на Горан Стефановски
Бильана Ристовска-Николовска
Лорета Георгиевска-Јаковлева

24. Проза
Даниела Андоновска-Трајковска

25. Обраќање
Олимпија Николова

27. Поезија
Сања Атанасовска

28. Поезија
Лидија Тот Наумова

29. Осврт: За моралниот крај и човековиот очај
Веле Рисовски

30. Осврт: Поетски восклик од сокриениот женски принцип
Марина Мијаковска

32. Преведена поезија
Драган Јовановиќ Данилов


Пишува: Славчо Ковилоски, главен и одговорен уредник

## ИНТЕРЕСНИ ВРЕМИЊА




33. Осврт: Слеката на едно детско растење прикажана во книгата раскази „Пак се тука Петар и Луса" од Горјан Петревски
Зоранка Динеска

35. Повод: Кон девеедесет одишнината од раѓањето на Владимир Костов: Богата имагинација и интуитивен ум
Петре Димовски

39. Поезија
Ахмет Селмани

40. Поезија
Славица Урукова-Маркоска

42. Поетот и гугутката, слика (на Михаил Ренџов)
Љубинка Донева

42. Поезија
Мирче Миркоски

43. Поезија: поетотник
Коле Годжовски / Томислав Тодоровски

44. Кратки вести од светот + Хроника на настани на ДПМ

45. Кратки вести од Македонија

46. Стари фотографии

48. Времеплов


[illegible]




# СЛИКАТА НА ЕДНО ДВОЈНО РАСТЕЊЕ ПРИКАЖАНА ВО КНИГАТА РАСКАЗИ „ПАК СЕ ТУКА ПЕТАР И ЛУКА“ ОД ГОРЈАН ПЕТРЕВСКИ

Јованка Денкова

Современите македонски писатели, во своето богато творештво, издвојуваат посебно место за младите детски души. Едно такво творештво што е свртено кон децата и адолесцентите е творештвото на нашиот добро познат автор – Горјан Петревски, кој со досегашниот опус е еден од најчитаните македонски автори за деца и млади во Македонија. Тој е човек кој вешто знае да ве наврати во детството ако веќе сте дел од возрасниот свет, а доколку сте деца, лесно се соживувате со напишаното. Бидејќи инспирацијата е насекаде околу нас, па и околу него, тој непрестано твори, твори и ја остава публиката во исчекување.

Децата учат од она што го гледаат околу нив преку однесувањето на врсниците, браќата и сестрите, родителите, или другите луѓе, како и преку нештата што ги гледаат во медиумите или во книгите. Книгите им даваат единствена можност на децата да доживеат различни искуства и да „запознаат“ различни луѓе, како што потенцира Шелтон. Во нејзината обемна студија, таа се осврнува на митовите и стереотипите што постојат за близнаците уште од дамнина (Кастор и Полукс од старогрчката митологија, Ромул и Рем од староримската митологија, Нарцис и неговата почината сестра-близначка, Каин и Авел од Библијата и др.), а особено на погрешните мислења и пристапи што се применуваат при воспитувањето на близнаците во семејството. Таквите пристапи во кои близнаците се одгледуваат и се воспитуваат како една индивидуа, понекогаш доведуваат до ограничување на нивниот индивидуален развој.[1]

Од тие причини, во оваа пригода се осврнуваме на една од поновите книги на Горјан Петревски, во која се третира темата на близнаците, насловена како „Пак се тука Петар и Лука“ и објавена во 2018 година.

Во делото се открива сликата на две близначиња, секој од нив посебен и паметен на свој начин. Како што истакнува и самиот автор, тоа е книга, збирка раскази наменета за децата од предучилишна и раноучилишна возраст. Низ тие кратки исечоци, авторот сака да ни го долови живописното размислување што уште од најрана возраст е свртено кон среќата и прават сè за да не ја изгубат. Животот е полн со предизвици и натпревари, а тие на некој начин го учат и го согледуваат тоа.

Бидејќи секој е посебен на свој начин, нивните родители се исто толку горди, колку на едното, толку и на другото дете. Тие се горди на нивната бујна фантазија, на слогата, на братската љубов, на тоа колку брзо учат и како му се радуваат на секој ден од животот. Со приказ на нивната фантазија, карактеристична за секое дете и неговата неомеѓена фантазија, започнува делото на Петревски, поточно со натпревар помеѓу децата каде тие меѓусебно се договараат да направат изложба во собата, со цртежи од [illegible]: „Јас ќе нацртам бујно поле со зрели праски… – се досети Петар. А ти, Лука? – Јас ќе цртам, ќе цртам… Овоштарник со натежнати гранки дури до земја! – се досети Лука. Румени

1 Jennifer K. Shelton, *The Portrayal of Twins in Children's Literature*. Master Thesis. The Graduate School of the University of Wyoming, ProQuest Dissertations Publishing. [illegible] https://www.proquest.com/openview/[illegible], пристапено на 25.06.2022

## Сликата на едно двојно растење прикажана во книгата раскази „Пак се тука Петар и Лука“ од Горјан Петревски

Современите македонски писатели, во своето богато творештво, издвојуваат посебно место за младите детски души. Едно такво творештво кое е свртено кон децата и адолесцентите е творештвото на нашиот добро познат автор – Горјан Петревски, кој со децении наназад е еден од најчитаните македонски автори за деца и млади во Македонија. Тој е човек кој вешто знае да ве наврати во детството ако веќе сте дел од возрасниот свет, а доколку сте деца, лесно се соживувате со напишаното. Бидејќи инспирацијата е насекаде околу нас, па и околу него, тој непрестано твори, твори и ја остава публиката во исчекување.

Децата учат од она што го гледаат околу нив преку однесувањето на врсниците, браќата и сестрите, родителите, или другите луѓе, како и преку нештата кои ги гледаат во медиумите или во книгите. Книгите им даваат единствена можност на децата да доживеат различни искуства и да "запознаат" различни луѓе, како што потенцира Шелтон. Во нејзината обемна студија, таа се осврнува на митовите и стереотипите кои постојат за близнаците уште од дамнина (Кастор и Полукс од старогрчката митологија, Ромул и Рем од староримската митологија, Нарцис и неговата почината сестра-близначка, Каин и Авел од Библијата и др.), а особено на погрешните мислења и пристапи кои се применуваат при воспитувањето на близнаците во семејството. Таквите пристапи во кои близнаците се одгледуваат и воспитуваат како една индивидуа, понекогаш доведуваат до ограничувања на нивниот индивидуален развој.[1]

Од тие причини, во оваа прилика се осврнуваме на една поновите книги на Горјан Петревски, во која се третира темата на близнаците, насловена како „Пак се тука Петар и Лука“ и објавена во 2018 година.

Во делото се открива сликата на две близначиња, секој од нив посебен и паметен на свој начин. Како што истакнува и самиот автор, тоа е книга, збирка раскази наменета за децата од претшколска и раношколска возраст. Низ тие кратки исечоци, авторот сака да ни го долови нивното размислување кое уште од најрана возраст е свртено кон среќата и прават сè за да не ја изгубат. Животот е полн со предизвици и натпревари, а тие на некој начин го учат и го согледуваат тоа.

Бидејќи секој е посебен свој начин, нивните родители се исто толку горди, колку на едното, толку и на другото дете. Тие се горди на нивната бујна фантазија, на слогата, на братската љубов, на тоа колку брзо учат и како му се радуваат на секој ден од животот. Со приказ на нивната фантазија, карактеристична за секое дете и неговата неомеѓена фантазија, започнува делото на Петревски, поточно со натпревар помеѓу децата каде тие меѓусебно се договараат да направат изложба во собата, со цртежи од есента: „Јас ќе нацртам бујно лозје со зрели гроздови... – се досети Петар. А ти, Лука? – Јас ќе цртам, ќе цртам... Овоштарник со натежнати гранки дури до земја! – се досети Лука. Румени јаболка и жолти круши...“ (стр. 75)[2]. Тие палави рачиња се толку многу талентирани што нивните родители не можат да се одлучат кој цртеж е поубав. Необични близнаци се тие. Нивните главчиња се полни со бујна фантазија. Нивните игри немаат крај, во нив тие патуваат дури во вселената, седнати на столче кое наликува на вселенски брод, патуваат и се разминуваат со ѕвездите. Сега можеби само сонуваат, но еден ден, кога ќе пораснат можеби сонувањето ќе стане јаве. Сега најважно е дека се заедно и се среќни во своите

---

[1] Jennifer K. Shelton, *The Portrayal of Twins in Children’s Literature*, Master Thesis, The Graduate School of the University of Wyoming, ProQuest Dissertations Publishing, 1997. EP25358, https://www.proquest.com/openview/ed29aa35907357fe3a10951c0effe425/1?pq-origsite=gscholar&cbl=18750&diss=y, пристапено на 25.08.2022

[2] Горјан Петревски, *Пак се тука Петар и Лука*, Македонска реч, Скопје, 2018.

слатки соништа. Можеби различни, но сепак слични или на некој начин и исти, зашто дури и родителите не успеваат да ги препознаат кога ќе ја облечат својата нова и иста облека кога наближува зимата. Но важно ли е кој е Петар, а кој Лука, кога тие се неизмерно среќни? Празник било или не, среќата е на прво место, но најмногу се радуваат на Коледе: „Сакам секој ден да е Коледе! – не крие Петар. Секое утро ќе ни биде весело. – И јас... посакува Лука. Највесело е за Коледе“ (стр. 81).

Среќни и горди се нивните родители, но ни помалку нивната учителка Емилија, која од ден на ден сè повеќе им се восхитува, но и ја поттикнува нивната имагинација: „Што е за вас најубавата планета Земја?“, учителката добива различни одговори. За некои ученици, тоа е небото, за други полињата, за трети ливадите со тревки и цвеќиња, морињата и океани. Само близначињата се досетуваат на луѓето кои се грижат таа да остане чиста и убава, на Сонцето и Месечината. За овие две дечиња може да се каже дека се највесели од сите во градинката. Секое утро, нестрпливо чекаат да појдат таму, во тоа детско царство, бидејќи таму времето им минува брзо и таму им е најзабавно. Никако не сакаат да ја напуштат градинката, но откако ќе сфатат дека побрзо се расте во училиште, со нетрпение ја чекаат есента и првиот септемврски час. Но, како што доаѓа, така и си заминува и прво одделение. Петар и Лука веќе се големи и научија да читаат и пишуваат. И повторно натпревар - кој прв ќе го напише своето име. Се разбира Лука, бидејќи неговото име е помало. И пак, натпреварот завршува нерешен.

Но, Петревски не заборава да ни ги опише и малите караници и недоразбирања, што не е ништо чудно за семејство со две дечиња и тоа близначиња. Недоразбирањето настанува за тоа кој да ја прочита книгата, но за секој проблем, има решение. Одгледувањето и воспитувањето близнаци претставува специфичен предизвик за родителите, бидејќи бара да се поделат вкупните семејни ресурси за да се задоволат потребите на две деца на иста хронолошка возраст и во иста развојна фаза; затоа, овој процес е физички и психички напорен. Навистина, родителите на близнаците пријавуваат чувства на фрустрација со родителската улога (Olivennes, Golombok, Ramogida, Rust, & Team, 2005) (Olivennes, Golombok, Ramogida, Rust, & Team, 2005), или пак, можат да се почувствуваат помалку ефикасни како родители (Boivin et al., 2005).[3] Во случајов, недоразбирањето го разрешува мајката и ги смирува: „Без кавги, деца! – ги смирува мајката. Една сказна ќе чита Петар, а друга Лука. Ние ќе ве слушаме. Недела е и имаме време за одмор“ (стр. 87). Кога се две е цело, па така имаме двајца победници. Едниот во цртање, другиот во фудбал. Сеедно, кој во што победил, а во што изгубил, тие секогаш дома се враќаат заедно не криејќи ја својата среќа, еден за друг.

Од ден на ден, близнаците сè повеќе растат и созреваат. Еден ден ќе пораснат и ќе имаат поинаков поглед кон животот и светот воопшто, но нивната среќа и сликата закачена на ѕидот засекогаш ќе остане најубав спомен. На денот на мајките, Осми март, талентираните близначиња се досетуваат како да ја изненадат својата мајка. Со своите мали рачиња го прават подарокот, слика на жена што добива бакнежи од две деца во образите и држи букет во раце. Таа слика е ставена во изрезбана дрвена рамка. Вистинска насликана случка, која се случила утрината кога дечињата и го честитале празникот на својата сакана мајка. И повторно сите се среќни.

Сите ние трчаме по нешто, се натпреваруваме во нешто и сме во постојана борба со среќата. Среќата е во малите нешта и е најважна, а за тоа се доказ малите близначиња од делото на Петревски, кој на многу топол начин го напишал и насликал тоа. Во свет кој е преокупиран со злоба и секој на секого гледа да наштети за да ја задоволи само својата среќа, не секој може да ве однесе во една приказна преполна со детската среќа и љубов

---

[3] Rachel M. Latham, *Mothers' and Fathers' Perceptions of the Family Context and Children's Adjustment: Coparenting Young Twins*, http://sro.sussex.ac.uk/, пристапено на 25.08.2022

како што тоа умее да го направи Горјан Петревски. Тој со своето дело „Пак се тука Петар и Лука“ ни остава голема поука: *Не е битно кој победува, битно е да бидеш среќен и тогаш кога губиш. Кога најмилото е среќно, сите се среќни*.